Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-504/2
13.09.2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–504/1 од 10.7.2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-504/1 од 10.7.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

## Образложение

На 10.7.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основ на личен и општествен статус и здравствена состојба во областа на работата и работните и пристап до добра и услуги, против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Подносителката на претставката ја поднесува истата во врска со нејзино прераспоредување од поликлиника Јане Сандански во поликлиника Букурешт, согласно решение бр. 04-992/1 од 13.3.2023 година. Во врска со ова, подносителката наведува дека во изминатиот период од 10 години кога работела во поликлиниката Јане Сандански била соочена со негативна работна атмосфера, при што во врска со ваквите наводи се повикува на извештај од 24.2.2022 година издаден од страна на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво – Железара Скопје, од каде ѝ било препорачана контрола по изминати 6 месеци упатена од работодавачот. Во продолжение на ова, наведува дека поради неисполнувањето на дадената препорака, испратила барање до директорот на поликлиниката, следствено на што на 14.3.2023 година имала обид да ги контактира нејзините претпоставени во врска со работењето во смени, при што наведениот обид бил неуспешен. Оттука, во претставката е наведено дека од страна на управничката на поликлиниката ѝ било кажано „под итно да сум си одела од тука (порака од директорот [redacted])". Во врска со претходно наведеното, подносителката на претставката наведува дека „тогаш почнав да ја насетувам позадината на Решението, бидејќи немаше никаков придружен документ кој ви навестил нешто што посреди."

Подносителката истакнува наводи за постоење на молба од вработените во нејзиното одделение, во која биле истакнати невистинити тврдења и клевети против нејзиниот углед. Во продолжение на претставката, подносителката истакнува дека против претходно наведеното решение поднела жалба бр. 04-1235/1 на 21.3.2023 година. Во врска со предметната жалба, истакнато е дека Државната комисија за одлучување управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не го применила член 13 од нејзиниот Деловник за работа, што подносителката смета дека претставува директна дискриминација кон нејзе. Следствено на ова, подносителката наведува дека било донесено решение бр. 04-2855 од 26.6.2023 година, од кое таа констатирала дека претходно наведената молба не била поднесена од страна на Службата за специјалистичко консултативна здравствена заштита по радиодијагностика, поради тоа што не ги содржела потписите на вработените во конкретната служба.

Подносителката на претставката за заштита од дискриминација го обжалила наведеното решение за распоредување на работно место бр. 04-992/1 од 13.3.2023 година пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, следствено на што било донесено Решение бр. 04-2855/2 од 26.6.2023 година од страна на наведениот орган со кое жалбата на подносителката се одбива како неоснована. Во продолжение на ова, видно од доставените докази, подносителката на претставката за заштита од дискриминација повела судски спор пред Основен граѓански суд Скопје, последователно на што наведената судска постапка била запрена со решение согласно кое тужбата на подносителката се смета за повлечена.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за дејствување кое спаѓа во нејзината надлежност, при што Комисијата од изнесените факти и околности во претставката утврди дека во описот на претставката не станува збор за повреда на правото на еднаквост согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што тврдењето за сторена дискриминација врз дискриминаторските основи наведени во претставката не е сторено веројатно.

Имајќи ги во предвид горенаведените факти и околности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
13.9.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]